БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО



БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО

Издавач:
НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп
www.muzejprilep.org.mk

За издавачот:
Мимоза Христоска

Автор и уредник на изложбата и каталогот:
Рубинчо Белчески

Дизајн на изложбата и каталогот:
Биљана Темелкоска

Насловна фотографија:
„Крал Марко на стража на Маркови Кули“
Фотографијата е во сопственост на
Државен Архив на Република Северна Македонија,
Одделение Прилеп

Техничка обработка:
Биљана Темелкоска

Лектура:
Елена Апостоловска

Печати:
„Андриано“, Прилеп

Тираж:
85

Прилеп 2025

Проектот е финансиски поддржан од Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

НУ Завод и Музеј - Прилеп

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп

РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ

БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО



Прилеп 2025

КРАЛ МАРКО (околу 1335 – 17 мај 1395) е последниот крал што владеел со поголемиот дел од Македонија. Тој е историска личност, но истовремено, најпознат јунак на епското народно творештво не само кај Македонците, туку и кај другите народи на Балканот.

Бил и „дипломат“, но и турски вазал, а негови „траги“ има насекаде.

Затоа, називот на проектот е ***„Балканскиот јунак Марко“***.

Тој преговара со дубровчаните, „соработува“ со Турците, го слават и Србите, Бугарите, Црногорците, пошироко на Балканот, тогаш нема причина тоа ние да не го правиме во 21 век и да го претставиме како балкански јунак.

Преку овој проект, ќе воспоставиме дијалог на нашите култури, различни, но со заеднички нешта. Заеднички моменти од историјата, заеднички приказни, легенди и преданија за кралот Марко, од кои се едуцираме, извлекуваме поуки и заклучоци.

А заедничка ни е и европската иднина и негување на традицијата.

Преку истражување забележавме голем дел од „трагите“ кои ги оставил кралот Марко, јунакот Марко, во сите земји на Балканот и пошироко, но и традицијата која ја негуваат низ разни форми.

Во контекс на претходното има недвижно културно наследство на Балканот.

Кај нас во Македонија има голем број топоними кои се произлезени од неговото име.

На балканските простори има уште стотици топоними на места, населби, градби, кули, манастири, пештери, ѕидови, чардаци, нозе, стапала, копита, столови, стапови, седла, чешми, кладенци и многу други „нешта“ кои го носат префиксот: Марков, Маркова, Марково.

Во оваа времена музејска поставка, забележано е и движното културно наследство од тој период како дел од музејските збирки и поставки, како: керамички садови, монети, накит, оружје, орудија, алати и друго.

Во контекс на претходното има и пишани дела за Марко, како и уметнички дела за најголемиот „јунак“ на Балканот, а кои се дел од проектот.

Истражувањето резултира со времена музејска поставка која покрај текстуален дел, преку фотографии содржи и многу нешта што низ земјите на Балканот се именувани по Марко.

Во иднина, во неговиот роден град Прилеп, истата, нека прерасне во трајна музејска поставка на заедништво и дијалог: ***„БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО“.***

Автор на изложбата:
Рубинчо Белчески
историчар, кустос советник



БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО



Фреска на Крал Марко од манастир „Св. Архангел Михаил“, Варош, Прилеп

БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО



Фреска на Крал Марко, Марков манастир, с. Маркова Сушица, скопско

КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ, ДИМИТРИЈА ЧУПОВСКИ ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ И РАЈКО ЖИНЗИФОВ ЗА „БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО“



Крсте Петков Мисирков



Факсимил од дипломска работа на Крсте Петков Мисирков, 1902 год.



Крсте Петков Мисирков, „За Македонцките работи“

Приказната за „***Балканскиот јунак Марко***“ ќе ја започнеме со македонската личност на XX век, ***Крсте Петков Мисирков*** (1874 – 1926), еден од најистакнатите членови на Македонското научно-литературно другарство од Санкт Петербург, Русија, од 1902 година. Тој е авторот на ***„За македонцките работи“***, книгата за неговите погледи, како еден од најголемите македонски национални дејци за македонското прашање, национална свест и пред сè на потребата од завршување на националната афирмација и ослободување на Македонците како посебен народ со особено значење во улогата за кодифицирање на македонскиот литературен јазик.

Не случајно тоа го правиме, особено што знаеме дека Крсте Петков Мисирков дипломирал на Историско-филолошкиот факултет во Санкт Петербург, Русија, во 1902 година, а неговата писмената тема на државниот испит била: ***„Кон прашањето за народноста и причините за популарноста на македонскиот Крал Марко“***.

И не само тоа, тој ги продолжува истражувањата од македонската историја, јазик, фолклор и етнографија и се пријавува на постдипломски студии подготвувајќи ја магистерската дисертација на тема: ***„Кралевите Волкашин и Марко како историски личности и јунаци на јужнословенскиот епос“***.

Придонесот на Мисирков во развојот на македонската културна историја како научна дисциплина е значаен затоа што се рефлектира врз освестувањето и легитимирањето на македонскиот етнички и културен идентитет, што пак претставува услов за стекнување на политичкиот суверенитет на Македонија.

Затоа тој за кралот Марко ќе напише: ***„Крали Марко е син и гордост на Македонија и еден од тројцата велики завојувачи што го разнесоа името на својата татковина далеку од нејзините граници. Крале Марко ги потчини под својата власт и под онаа на македонската муза сите народни певци и народи на Балканскиот Полуостров”***.

Во списанието „Македонски глас“ („Македонскій Голосъ”), орган на Македонското научно-литературно другарство од Санкт Петербург, во 1914 година, Мисирков пишува статија со псевдоним К. Пелски, во која за кралот Марко ќе напише: ***„ ..... македонскиот владетел Марко Крале е воспеан од Македонците како свој национален јунак...“***

Димитрија Чуповски (1878 – 1940), е еден од најистакнатите и најдоследни организатори и афирматори на македонската национална мисла, истакнат член на Македонското научно-литературно другарство, македонски национален деец, кој по Букурешкиот договор и поделбата на Македонија од 1913 година, ја пишува песната ***„Крали Марко“***. На истата се потпишува со псевдонимот „Посмртче“, а излегува во списанието „Македонски глас“.

„КРАЛИ МАРКО“

До кога ќа спијеш
Ти сон непробудни,
До кога ќа чекаш,
„Времето да дојет”.
Поминаје више
Пет стотини години,
Како народ трпит
И тебе те чекат.
Власта на Турците,
Падната је веќе,
Но наместо неја
тројна тиранија.
Крвније ни браќа
И едни по вера,
Со логи, измена,
Турије ни јарем
Сѐ шчо ни је мило
Нам ни го зедоје:
Мајки, сестри, деца
В питачи пушчије.
Наши отци, браќа,
Невино згубије.

И земјата на три
ни ја разделије.
Но радост је рана
У наши врагови -
Македонец трпит,
Но не забораваt.
Љубов за слобода
В' срцето му горит
И готов је д'удрит
В' заветни свој час.
Разбуди се Марко,
од вековни сон
И повикај в' помош
Стојна самовила.
Качи се на твоја
Коња Шарца нога
И в' роци си земи
Тешка топузина.
Ти поведи народ
За единство мило
И душману кажи
Да је Марко жив.

Димитрија Чупоски



Димитрија Чуповски



Рајко Жинзифов



Ѓорѓија Пулевски

Во 1913 година, Димитрија Чуповски, заедно со неговиот брат Атанас Чуповски и Крсте Петков Мисирков, од името на македонските колонии во Петроград и Одеса подготвиле ***„Меморандум за независноста на Македонија“*** и истиот го испратиле до руското и британското Министерство за надворешни работи, како и до амбасадите на големите сили, укажувајќи на борбата и културата на македонскиот народ. Во меморандумот, меѓу другото, нагласиле: ***„Ние имаме стара и висока месна - македонска култура, почнувајќи од времето на Светите Кирил и Методија и нивните ученици Светите Климент, Наум и Горазд, основоположниците на македонската словенска просвета, како во времето на првата словенска македонска држава - на царот Самоил, на втората - државата на Добромир Стрезо и на третата на кралевите Волкашин и Марко, така и во целиот XIX век, особено во неговата втора половина”.***

Пред овие истакнати македонски дејци, за личноста и делото на Крали Марко, поточно ***„За родословие мрњовско“*** се осврнал македонскиот писател, историчар, лексикограф, борец за слобода на македонскиот народ и идеолог на македонското национално движење, ***Ѓорѓија Пулевски*** (1822 – 1893), автор на првата историја на Македонија, најобемно дело на македонскиот народ до ослободувањето, напишана од Македонец, на македонски јазик во ракописни 1668 страници: ***„Славјанско-маќедонска општа историја“***, веројатно започната во 1865 година, а завршена 1892 години. Во истата, наведувајќи дел од изворите, Пулески се осврнал на XIV век, според тоа и на Мрњавчевиќи. Тој пишува за таткото ***Мрњак***, за титулите на ***„синовите Мрњови Вълкан и Углеша“***, го споменува и нивниот трет брат ***Гојко***, а се осврнал и на потеклото на ***Марко***, за неговата и улогата на неговата фамилија на историската сцена со појавата на феудалниот „сепаратизам“ во српската држава во XIV век, за неговата територија, за вазалството со Турците и загинувањето во битката на Ровине. Пулевски користел разновидни извори и литература, а неизостанала и народната традиција.

И македонскиот поет ***Рајко (Ксенофон) Жинзифов*** (1839-1877), кој учителствувал низ Македонија и во Прилеп, во 1870 година ќе ја напише поемата ***„Крвава кошуља“*** во која ќе напише: ***„Прилеп – то е име славно, тамо е живејал некога си крал ни Марко, в него е царува, царувал е војувал ..... Дор е бил жив крал ни Марко, земља била мирна, не глобеха неја Турци, не газеха неа.“***

Сето ова зборува за каква голема историска личност станува збор, кога е во прашање кралот Марко и колку е важен овој дел од историјата на македонскиот народ, особено што вакви „големини“ како Крсте Петков Мисирков, Димитрија Чуповски, Ѓорѓија Пулевски и Рајко Жинзифов, пишувале и твореле за него.

„БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО“
КРАЛ, КРАЛИ, КРАЛЕ, КРАЉЕВИЌ, КРАЛЕВИТИ МАРКО









Кралот Марко го споредуваат со повеќе богови од разни митологии

Проектот „Балканскиот јунак Марко“ се однесува на Кралот Марко, најголемиот заштитник на населението и најопеан јунак во народното творештво на балканските простори, кој со својата застапеност, во голем степен се доближува до митските ликови на боговите: Зевс, Јупитер, Дионис, Посејдон, Ахил, Хераклe, Тор или слични на нив.

Веројатно, нема друга личност на Балканот, освен тој, Кралот Марко, или уште како што го нарекуваат: Крале Марко, Крали Марко, Краљевиќ Марко, Марко Кралевити, Марко Кралевичи, а во историските извори: „младиот Крал Марко”, „благоверен Крал Марко”, а јас би рекол и „балканскиот јунак Марко“, која толку многу обединува, така што, голем дел од балканските народи го сметаат за свој и тоа како да не им смета на останатите.

Иако изворите и литературата се „сиромашни“ за Марко, сепак, даваат основни биографски информации.

Марко бил еден од четирите синови на кралот Волкашин (Димитрија) и неговата сопруга, кралицата Елена (во монаштвото наречена Елисавета, а во народната традиција позната како Ефросима). Покрај Марко ги имале синовите: Андрејаш, Иваниш и Димитри (Митраш) и ќерките: Оливера и Милица, а во народното творештво и усните преданија се спомнуваат: Елена, Ангелина, Барбара, Пунексија, Мандалина, Марија, Рушна, Угра, Кита, Звезда, Дева, Пешна, Вида, Шаина, Беда и други.

Дубровничкиот историчар Мавро Орбини (1563 – 1610), во делото *„Кралството на словените“* од 1601 година, запишал дека кралот Волкашин бил син на сиромашниот властелин Мрњава од Ливно во денешна Босна и Херцеговина. Оттука произлегува презимето Мрњавчевиќ. Од Ливно, Мрњава се преселил во Благаја на Буна, притока на р. Неретва, од каде српскиот крал, подоцна цар Душан (околу 1308 – 20 декември 1355) го повикал на својот двор.

Според византискиот историчар и познавач на византиската книжевност, атињанинот Лаоник Халкокондили (околу 1423 – околу 1490), во своето дело *„Погледи на историјата“* пишува дека браќата Мрњавчевиќ, Волкашин (околу 1320 – 26 септември 1371) и Углеша (? - 26 септември 1371), на дворот биле носители на дворски титули, воедно, учествувале во воените походи на српскиот крал (цар) Душан и стекнале доверба кај најмоќните луѓе на кралскиот двор.

Историските извори за првпат го споменуваат младиот Марко, во дипломатска мисија, како предводник на српската царска мисија во Дубровник во 1361 година, која имала задача за склучување примирје на Дубровник со Србија, како и ослободување на српските трговци затворени во Дубровник. Во тој период Дубровничката Република била под власта на најголемиот унгарски крал Лајош I Анжујски (1326 – 1382), уште наречен Велики. Делумно успешната мисија на Марко во Дубровник е показател дека фамилијата Мрњавчевиќ во тој период имала големо влијание на српскиот двор.

Воедно, можеме да заклучиме дека Марко имал исклучителни способности и подготвеност да преземе одговорност, па затоа бил вклучен во дипломатијата и во тогашните политички активности.

„БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО“
КРАЛ, КРАЛИ, КРАЛЕ, КРАЉЕВИЌ, КРАЛЕВИТИ МАРКО


IL
REGNO
DE GLI SLAVI
HOGGI CORROTTAMENTE
DETTI SCHIAVONI.
HISTORIA
DI DON MAVRO ORBINI RAVSEO
ABBATE MELITENSE.
IN PESARO,
Appresso Girolamo Concordia, ... Con licenza de' Superiori.
M. DCI

Мавро Орбини
„Кралството на словените“



Мавро Орбини



„Крал Волкашин“,
фреска



Цар Душан,
фреска, 1350



Кралот (царот) Урош V
и кралот Волкашин



Лаоник Халкокондили



Српското царство
за време на цар Душан



Лајош I Анжујски
Велики



Карта од 1340 година



Дубровник во средниот век



Печат на кралот
Волкашин, 1370

„БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО“
ВОЛКАШИН, УГЛЕША И МАРКО



Српско Царство во 1360 година



Монети од крал Волкашин



„Крал Волкашин“, скулптура, Скопје



„Крал Волкашин“, фреска, Варош, Прилеп



„Медаљон од полилеј“, скопско



„Деспот Јован Углеша“ скулптура, Скопје

Во современите извори Јован Углеша се споменува како Душанов намесник во Требиње во 1346 година. Негова сопруга била Елена (монашко име Ефимија), ќерка на властелинот, кесарот Воихна, покасно управник на градот Драма, чие семејство било во сродство со кралското семејство. Можеби овој брак ја променил судбината на семејството Мрњавчевиќ. Таа била многу образована жена и се истакнала во областа на книжевноста и уметноста.

Волкашин во 1350 година бил жупан во Прилеп, во 1355 година се сретнува како челник, во 1360 година ја добил највисоката титула деспот, а во 1365 година прогласен е за крал и совладател на кралот (царот) Урош V (1355 – 1371).

Од 1366 година прилепското кралство на Волкашин, осетно ги проширило своите граници. Покрај Прилеп и Битола, во своите области ги опфатило: Охрид, Преспа, Скопје, Призрен, а веројатно и Приштина, Ново Брдо и други градови и области.

За време владеењето на Волкашин, синот Марко ја имал титулата „млад крал“, односно престолонаследник.

По однос на црковното прашање, како Волкашин така и неговиот син Марко, ја имале предвид духовната традиција, па затоа ја прифатиле јурисдикцијата на Охридската архиепископија како примарна во нивните области.

Во Маричката битка, кај местото Черномен (денес, Ормениос, Грција), од 26 септември 1371 година, кралот Волкашин и деспотот Углеша не успеале воено да го спречат пробивот на Османлиите во Европа, катастрофално биле поразени, па и самите браќа загинале. Османлиската војска била предводена од еден од најистакнатите војсководци, Лала Шахин-паша (1330 – 1388) за време владеењето на султанот Мурат I (1326 – 1389).

Се споменува дека и третиот брат, Гојко Мрњавчевиќ со титула логотет (шеф на дворската канцеларија), учествувал, но ја преживеал битката.




„Крал Марко“, фреска, Варош, Прилеп



„Крал Марко“, скулптура, Скопје



Гојко Мрњавчевиќ, брат на Волкашин и Углеша



Грбот на Мрњавќевичи

За она што се случувало по битката, опишал очевидецот, книжевникот, светогорски духовник, монахот Исаија Серски (околу 1300 – втора половина на XIV век) во своето книжевно-летописно дело „*Расказ за разорувањето на Македонија од Турците во 1371 година*“, кој меѓу другото истакнува:

„И толкава мака и несреќа ги прелеа сите градови и страните западни, колку што ниту ушите слушнале, ниту очите виделе. Откако загина храбриот маж деспотот Углеша, Измаилќаните се распрснаа и полетаа по сета земја како птици во воздухот, и едни од христијаните со меч ги колеа, а други во ропство ги водеа. А оние кои останаа прераната смрт ги пожнеа. Оние кои ја одбегнаа смртта, од гладот беа уништени. Зашто, таков глад настана по сите краишта, каков што не се случи од создавањето на светот. А оние кои гладот не ги уништи, нив волците со Божја дозвола ноќе и дење ги напаѓаа и ги растргнуваа. О, колку жална беше глетката!“

Ниеден пишан извор не споменува дека Марко учествувал во Маричката битка. Марко ја наследил татковата кралска круна и ја продолжил династијата, со седиште во Прилеп, а воедно бил и совладател на царот Урош V, кој починал кон крајот на истата година.

Територијата на неговото кралство го опфаќала десниот брег на реката Вардар, од Шар Планина и албанските планини до Костур на југозапад.

Марко бил оженет за Елена, ќерка на Ирина, роднина на царот Душан, која била претходно мажена за благородникот и генерал Прељуб (околу 1312 – 1355/56) кој загинал, па се премажила за благородникот и војсководец Радослав Хлапен (околу 1322 – околу 1385), самостоен владател на областите околу: Бер и Воден со околината (денес, Грција). Сопругата Елена, Марко ја оставил уште пред Маричката битка и се преженил за Тодора, што му ја зел на благородникот Гргур Бранковиќ (умрел околу 1398). По извесен период, Марко му ја дал на дедо му Радослав својата втора жена Тодора, а си ја вратил назад ќерка му, односно, својата првовенчана жена Елена. Но, и вториот брак на Марко со Елена бил краткотраен и некаде во 1374/75 година, таа се премажила за албанскиот благородник Јован Спат.

Од историјата не е познато дали Марко имал свој пород и наследници.







„БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО“
ВЛАДЕЕЊЕТО НА КРАЛОТ МАРКО



„Државите“ во централен Балкан (1373-1395)



Кнез Стефан Лазаревиќ



Кнез Лазар Хребељановиќ и кнегиња Милица, фреска



Османската империја за време на Мурат I

Владеењето на кралот Марко се соочувало со постојани притисоци, како од страна на српските големци, така и од страна на Османлиите, кои сè посигурно завладувале со Балканот. Набргу некои територии му биле одземени од кнезот Лазар Хребељановиќ, Никола Алтомановиќ, Балша, Османлиите. Од друга страна кралот Марко останал во добри односи со византискиот цар Андроник IV Палеолог, како и со самостојните владетели: Радослав Хлапен, Тома Прељубовиќ, Константин Драгаш, Андрија Гропа и други.

Некои извори споменуваат поход на султанот Мурат I против кралот Марко во периодот помеѓу 1377 – 1379 година.

По Маричката битка многу територии од Волкашиновата и Углешовата држава биле заземени од соседните христијански владетели, сепак Марковото (Прилепското) кралство четврт век поминало во самостоен и независен статус. Неговите граници често биле вознемирувани од Османлиите, биле правени опсади дури и на Прилеп и Битола, па биле земани робови и потоа продавани на Крит. Но народот, сепак, проживеал еден релативно спокоен живот и развиток. Тоа не можело да не најде одраз и во народниот спомен изразен преку народното творештво.

Тоа било време кога многу од владетелите склучувале мир со Османлиите, станувајќи нивни вазали. Така и Марко ја признал врховната власт на султанот Мурат I (1326 – 1389), се обврзал да му плаќа данок и да ѝ служи на турската војска во нејзините воени походи. Но, кога Марко точно го започнал вазалството е непознаница. Сепак, можеме да претпоставиме дека тоа се случило со паѓањето на Прилеп под османлиска власт во 1385 година.

Сепак, воjнички и политички, а воопшто животните прилики, во основа, се промениле со паѓањето на Прилеп во османлиски раце, предводени од Тимурташ паша, најверојатно во 1385 година, во време на султанот Мурат I (1326 – 1389).

Османлиите во овие краеви станувале сè помоќни по победата на Марица, а посебно по победата на Косово, во 1389 година. Освоената земја, Османлиите почнале да ја населуваат со свое население. Поради тоа, стариот град на ридот повеќе не му бил потребен, освен уште некое време, како воена станица. Тие, во рамнината на наколку километри јужно од старото подградие основале нов град, а горе во градот останала нивната воена посада со управник – диздар. Во подградието и натаму останало домородното население и постепено го изгубило своето економско значење, коешто го презел новиот „турски” град.

Изворните податоци говорат дека по Косовската битка, крал Марко, принудно, како турски вазал, учествувал на страната на султанот Бајазит I (1389–1402) во неговите походи во Мала Азија и на Балканот. Тоа пак, зборува дека тој го задржал своето владеење, управувајќи како турски вазал, а тоа се потврдува од народните песни и историските извори. Тоа било и причина Марко да дојде до судир со своите браќа Андреаш и Димитриј, кои во 1393 година ја напуштиле Македонија и преку Дубровник, од каде го подигнале богатството што нивниот татко кралот Волкашин го депонирал, заминале во Унгарија и стапиле во служба на кралот Жигмунд Луксембуршки (1368 – 1437), подоцна цар на Светото римско царство.

Претходно, другиот брат Иваниш, загинал кај Берат (денешна Албанија) во битката кај Саурското Поле со Османлиите во 1385 година.

По повеќегодишно владеење во Македонија и поширокиот регион, како вазал на Османлиите, војувајќи за Бајазитовата војска, кралот Марко, загинал на 17 мај 1395 година.

Битката се водела со влашкиот војвода Јо(в)ан Мирче(а) кај Ровине во Влашко (денес, во близина на градот Куртеа де Арџеш, Романија). Во битката како османлиски вазал загинал благородникот Константин Драгаш (Дејановиќ), а учествувале и српскиот кнез Стефан Лазаревиќ и Константин Балшиќ.

Народното предание пренесува дека непосредно пред битката, сфаќајќи ја нерамноправната позиција, Марко рекол: ***„Го молам господ да им биде помошник на христијаните, па нека бидам првиот кој ќе загине во оваа борба”***. Тоа зборува за кралот Марко како човек со високи морални вредности до кои се држел и во најкритичните моменти од неговиот живот.

Со смртта на кралот Марко завршил периодот на едно славно време на Словените, време на храброст, јунаштво, витештво и висока култура.

Неговиот гроб не се знае каде е иако има повеќе и различни информации и преданија за тоа.

Мавро Орбини пишува дека бил погребан во манастирот Матејиќ, во Блаќани (Блациани) кај Скопје (нејасно е дали се мисли на с. Булачани или с. Блаце).

Српскиот академик Пантелија Срећковиќ (1834 – 1903) смета дека бил погребан во Марковиот манастир во близина на Скопје, според средновековните обичаи, владетелите да се погребуваат во нивните задужбини.

Едно предание „зборува“ дека гробот на кралот Марко се наоѓа во манастирот Короглаш, с. Милошево, во непосредна близина на Неготин, Србија.

Според друго предание гробот на кралот Марко е во манастирот Хиландар, на Света Гора.

Материјален доказ за овие претпоставки и преданија поврзани со гробот на „нашиот“ јунак, кралот Марко, нема.



Влашкиот владетел Јо(в)ан Мирче(а)


Битката кај Ровине, литографија, Димитрие Папазоглу (1811-1892)



Султан Бајазит I


Манастир Короглаш, Неготин, Србија


Жигмунд Луксембуршки


Манастир Хиландар, Света Гора, Грција

„БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО“ ВО ТУРСКИТЕ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА



Територијалниот развој на Отоманската империја



Султан Орхан



Територијата на Османлиите за време на владеењето на султанот Орхан (1324 – 1359)

Од турските извори кои пишуваат за овој период и кралот Марко се делата на: Исмаил Хаки Узунчаршили (1888 – 1977) – „*Османлиска историја*“, Исмаил Хами Данишменд (1899 – 1967) – „*Анотирана отоманска историска хронологија*“, Омер Љутфу Баркан (1902 – 1979) – „*Прогонствата како метод на населување и колонизација во Отоманската империја*“, Халил Иналџик (1916 – 2016) – „*Од Стефан Душан до Отоманската империја*“, „*Османска империја (класична ера 1300 – 1600)*“ и други.

Истите, личноста на кралот Марко ја претставуваат како на трезвен и мудар човек на чиј збор може да му се верува.

Во некои извори кралот Марко се споменува како српски феудален владетел, сепак, речиси секаде истовремено се наведува и посебноста на Македонија, т.е. се истакнува фактот дека тој е владетел, односно, крал на Македонија. Станува збор за дистинкција меѓу потеклото на семејното стебло и земјата Македонија, чијшто крал е, а често и како крал на Прилеп.

Интересен е фактот дека зборот „српски“ е употребуван кога станува за Волкашин, додека кога се пишува за Марко, го нема тој збор, туку само ***Крал на Прилеп***.

Во минатото познато е дека има безброј случаи кога припадници на кралски семејства, станувале кралеви на други земји и останале забележани не по потеклото, колку по земјата чии владетели биле.

Трезвеноста на кралот Марко и неговите реални проценки на тогашниот актуелен воено-политички миг, го натерала да го одбере вистинскиот „сојузник”. Во донесувањето на оваа одлука, веројатно му помогнало сознанието за поразот на татко му Волкашин и чичко му Углеша во битката кај Черномен на реката Марица од страна на Османлиите.


Тој прв ја осознал борбената подготвеност, воената вештина и дисциплина на османлиската војска. Одбирајќи го најпогодниот „сојузник” во XIV век, тој ја спасил својата „држава“ од воено уништување, а во исто време ја сочувал главата и тронот. Впрочем, универзалната историја со безброј примери покажува дека способноста да се избере вистинскиот „сојузник“ ја детерминира државничката мудрост.



Омер Љутфу Баркан



Исмаил Хами Данишменд



Исмаил Хаки Узунчаршили

Што се однесува до политичко-административните придобивки на кралот Марко од „сојузот" со Османлиите, несомнено е дека на овој начин тој ја сочувал внатрешната автономија на Прилеп и околината.


За тоа зборува и Проф. д-р Музафер Туфан (1939-2011) во статијата ***„Кралот Марко во некои турски извори"***, со која учествувал на Научниот собир ***„Кралот Марко во историјата и во традицијата"***, одржан во Прилеп, во 1995 година, а по повод 600 години од смртта на кралот Марко, притоа, објаснува дека тоа се должи на: ***„фактот дека тој успеал најдолго да ја сочува внатрешната автономија и фактот дека тој тоа го постигнал врз основа на својата тактичност, државничка мудрост и подготвеност на осојузување, дури и по цена на саможртва, со цел подолго да се опстане и да се сочува внатрешната автономија и соработка на Балканот"***.

Во негово време, па и педесетина години по неговата смрт, сè до почетокот на втората половина на XV век во Прилеп и околината, во времето на султанот Мехмет II Фатих (Освојувачот) – (1432 – 1481), односите меѓу месното население биле уредувани, т.е. била применувана црковната нормативa и словенското обичајно право. Ова се совпаѓало со општите сфаќања на шеријатот дека не треба да се применува сила кон немуслиманското население. Покрај тоа, населението било ослободено од разни даноци кои важеле за другите жители на Балканот.


Значајно е да се потенцира дека Османлиите на христијаните во Прилеп и пошироко, им го признавале правото да станат сопственици на тимари (имоти). Бил сочуван и внатрешниот правен поредок и сигурноста на населението.

Прилеп станал сигурна зона во нестабилно време. Почнало да се развива занаетчиството, трговијата и стопанството, запознавање со нови земјоделски култури, кои довеле до збогатување на месното население и поттик за изградба нови населби и ширење на градот.

Бидејќи Марковото кралување го симболизирало последниот слободен живот и развиток на народот во Македонија пред долговековното османлиско владеење, тоа нашло силен одраз во народната традиција, во песните, преданијата и легендите и се создал ненадминат мит, а воедно се создале и голем број литературни и уметнички дела од различни области.



Халил Иналцик




Музафер Туфан






Александар Дероко,
Реконструкција на Маркови Кули




„БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО“ НАТПИСИ, ФРЕСКИ, ЗАПИСИ...


Црква „Пресвета Богородица“, с. Дреново, кавадаречко


Црква „Св. Недела“, Призрен


Ктиторска композиција


Црква Св. Никола, с. Псача, кривопаланечко


Црква „Св. Димитрија“, Марков манастир, скопско


Крал Волкашин, фреска, Марков манастир


Крал Волкашин фреска, Варош, Прилеп


Манастир „Св. Архангел Михаил, Варош, Прилеп

„Трагите“ на Марко се од најразличен вид: недвижни, движни, пишани, од дамнешно време до денес. За балканскиот јунак Марко има пишани: книги, легенди, преданија, песни, раскази, драми, филмови. Дел од нив ќе ги презентираме во нашата „приказна“.

Марко е легенда која „живее“ и како во минатото, така и во наредниот период ќе се создаваат дела за него. Како најстар натпис (оспоруван, според некои стручни лица) каде е споменат ***Марко*** е натписот од црквата Пресвета Богородица, с. Дреново, кавадаречко, датиран од 1356 година. Во натписот се споменува дека црквата е живописана ***„при државата на Никола и Марко по смртта на царот Душан“***.

Во документи на Дубровничката Република од 1361 година се споменува дека Марко како предводник на српска мисија имал задача да преговара за прекин на непријателствата помеѓу Србија и Дубровничката Република започнати во 1359 година.

Во црквата Св. Никола во село Псача, кривопаланечко, изградена 1354 – 1358 година, има композиција (фреска) на совладетелите, кралевите Урош V и Волкашин. Се смета дека истата е создадена во периодот од 1366 до 1371 година.

Ктиторскиот натпис од црквата Св. Недела во Призрен е датиран во 1370/71 година. Тука се споменува како ***„млад крал Марко“***. И во овој натпис се споменува дипломатската мисија на Марко во Дубровник, како и неговото присуство во Скадар.


На западната фасада на црквата „Св. Архангел” во Варош, Прилеп (1371 или 1372) се зографисани кралевите Волкашин и Марко и има натпис: ***„Во Христа бога верен крал Марко“***. На фреската Марко е претставен во бела одора (свечена облека), симболички изразува жал за татко му, што упатува на смртта на Волкашин и прогласување на Марко за крал, на што упатува кралската круна на главата. Во левата рака Марко држи свиток со натпис каде се споменува самиот тој.

Во рушевините на истата црква евидентиран е уште еден натпис: ***„ .... вер... крал Марко“***.

Над јужната врата на црквата „Св. Димитрија” во Марковиот манастир, с. Сушица, скопско, се претставени со кралските инсигнии и врз пурпурен фон двајцата кралеви: Волкашин и Марко. Се смета дека завршувањето на фрескоживописот во црквата е во 1377 година. Прв кој ги открил фреските е професорот на Белградскиот универзитет, Панта Срећковиќ кој истите ги објавил во 1878 година.

На свитокот во левата рака на Марко на старословенски јазик пишува: ***„Јас во Христа Бога благоверен крал Марко го создадов и го испишав овој божествен храм“***, додека во реставрираните натписи се зачувани и податоци за целото кралско семејство и за ктиторите: ***„Се обнови овој пребожествен храм на светиот великомаченик Христов победоносец и чудотворец Димитрија со усрдието и поспешението на благоверниот крал Волкашин и со благоверната кралица Елена и со превозљубените нивни ќерки и синови благоверниот крал Марко и Андрејаш, Иваниш и Димитрија во годината 1377, а овој манастир почна да се suda во 1345 во дните на благоверниот цар Стефан и христољубивиот крал Волкашин, а се заврши во дните на благоверниот и христољубив крал Марко“***.


Во истиот манастир, внатре во храмот, во долната зона на северниот ѕид, постои многу оштетена ктиторска композиција на кралот Волкашин, кралицата Елена и кралот Марко.



„Државен историски музеј“, Москва, Руска Федерација




Црква „Св. Андреја“, Матка, скопско



Црква „Св. Никола“, с. Шишево, скопско



Црква „Пресвета Богородица Перивлепта“, Охрид



Монети на крал Марко, мајка му кралица Елена и крал Волкашин

Крал Марко ковал и пари. На истите обично стоел натпис: ***„Во Христа Бога благоверни крал Марко“*** или само ***„Благоверни крал Марко“***.

За брачните односи на Марко има запис во Хлудовата збирка, која се наоѓа во Државниот историски музеј во Москва (Руска Федерација), пишуван од Добре од село Маргари, прилепско ***„во деновите на благоверниот крал Марко кога му ја даде на Хлапен, Тодора, Гргуровата жена, а ја зеде својата првовенчана жена Елена, Хлпеновата ќерка“***. Според некои истражувачи Елена била ќерка на Ирина и кесарот Прељуб, кои покрај ќерката го имале и синот Тома Прељубовиќ. Записот е напишан во село Калуѓерец, Пореч (Македонски Брод).

Надгробен натпис каде се споменува ***„крал Марко“*** и охридскиот властелин ***Остоја Рајаковиќ Угарчиќ***, кои биле во роднински врски, се наоѓа во црквата Пресвета Богородица Перивлепта во Охрид, датиран во 1379 година.

Во запис настанат кон крајот на XIV век, запишан на 39 листови на празничен Минеј, пронајден во Скопје, се споменува дека ракописот настанал во времето на ***„кралот Ма...“*** (веројатно Марко, иако не е точно утврдено).

Дополнителна потврда на податоците за семејството се наоѓаат и во опширниот натпис на ѕидот на црквата „Св. Андреја” крај езерото Матка (Скопско), изградена во 1389 година од самостојниот владетел на дел од северозападниот дел на Македонија, вториот Волкашинов син Андрејаш: ***„... се создаде и се испиша... со трудот и со подвигот на христољубивиот раб божји Андрејаш, вториот син на благоверниот крал Волкашин и на кралицата Елена – монахињата Елисавета“***.

Од манастирот Св. Преображение, с.Зрзе потекнува еден запис кој се датира меѓу 1395 и 1402, односно по смртта на кралот Марко, кога со манастирот управувале браќата Јован и Макарие. Тука, покрај кралот Марко се споменува и кралот Волкашин.

Единствен цртеж со претстава на крал Марко како светец ***„Св. Марко Кралевиќ“***, се наоѓа во Чајничкото четвороевангелие, книга во ракопис од крајот на 14 или почетокот на 15 век. Истото се чува во црквата Успение на Пресвета Богородица во Чајниче, Босна и Херцеговина.

Од подоцнешен период, односно од 1816 година е поменикот (список на умрени што се споменуваат при обред) од манастирот со црквата Св. Никола во с. Шишево, скопско (изградена 1345 година), каде се споменува и кралот Марко, како и запис од 1883 година на лист од пирустија (книга на регистрирани лица кои оставиле подароци на манастирот), меѓу кои се споменуваат кралот Волкашин и кралот Марко.

Во подоцнежен запис, Марко заедно со татко му Волкашин се споменуваат меѓу ктиторите на дебарскиот манастир Св. Јован Претеча.

Интересен е податокот дека во црквата Рождество на Пресвета Богородица во село Лопатица, битолско, изградена 1857 година, има композиција (фреска), изработена во 1884 година од страна на мајстори од Дебарската школа, на која е претставен двобој на коњи помеѓу Крали Марко и Муса Кесеџија.

Веројатно ова не е целосниот вид на извори за кралот Марко.

Натамошните истражувања веруваме дека ќе го потврдат тоа и ќе се дојде до нови сознанија.



Манастир „Св. Преображение“, Зрзе



Црква „Успение на Пресвета Богородица“, Чајниче, Босна и Херцеговина



„Св. Марко Кралевиќ“, цртеж, Чајничкото четвороевангелие



„Крал Марко и Муса Кесеџија“, композиција, 1884, црква „Рождество на Пресвета Богородица“, с. Лопатица, битолско

МАРКО ЦЕПЕНКОВ, БЛАЖЕ КОНЕСКИ И МАКЕДОНСКИТЕ АВТОРИ ЗА „БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО“



Марко Цепенков

Константин и Димитар Миладинов





Марко Цепенков, собрани дела



Кузман Шапкарев

Марко „предизвикал“ многумина научници, истражувачи, историчари, поети, писатели и други, како од Македонија, така и од балканските простори, па и пошироко да пишуваат за неговиот лик.

Во песните, легендите и преданијата Крали Марко е претставен како јунак, кој се бори против ропството, против тиранијата, јунак кој најчесто застанува на страната на слабите и изнемоштените, јунак кој се бори за правдата, за слобода на својот народ, кој ослободува ***„три синџири робје“***, ја укинува ***„свадбарината“*** и прави многу други хумани подвизи.

Во историјата на јужнословенските народи се тврди дека: ***„Крали Марко е еден од најсложените, најобработувани ликови на светската усна епика“***.

Во народните умотворби, Марко е прикажан како: ***„голем и ненадминат јунак“***, ***„силен и бестрашен јунак“***, ***„јунак со титанска сила“***, ***„наследник на змејот“***, ***„дух на плодноста“***, ***„јунак над јунаците“***, ***„митски лик“***.


Во истите, Марко добива натприродни димензии, со боздоган и сабја ***„што се дипли дванаесет дипли“*** и крилат коњ Шарец ***„што лета под облаците и што скока од планина на планина“*** и пие вино од ***„чабур чаша од 70 оки“***.

Во XIX век се објавени голем број записи, зборници со епски народни песни и прозни материјали за Марко, од Стефан Верковиќ (1821 – 1893) и браќата Димитар (1810 –1862) и Константин Миладинов (1830 – 1862) до Кузман Шапкарев (1834 – 1909) и Марко Цепенков (1829 – 1920).

Во собраните дела на Марко Цепенков, ликот на Крали Марко се појавува во голем број преданија кои се анализирани и доведуваат до оформување дефиниција за неговиот лик.




Никола Јонков Вапцаров



Коле Симитчиев




Кирил Пенушлиски




Славко Јаневски



Коста Балабанов



Томе Арсовски



Србо Ивановски

Подоцна, голем број македонски автори и стручни лица од разни области: историја и историја на уметност, фолклористика и етнографија, јазик и литература, истражуваат за овој период и создаваат дела, меѓу другото и за ликот на Крали Марко. Меѓу нив се: Никола Јонков Вапцаров (1909 – 1942), Кирил Пенушлиски (1912 – 2004), Коле Симитчиев (1918 –2003), Славко Јаневски (1920 – 2000), Томе Арсовски (1928 – 2007), Србо Ивановски (1928 –2014), Коста Балабанов (1929), Блаже Ристовски (1931 – 2018), Бранко Панов (1932 – 2002), Томе Саздов (1934 – 2004), Слободан Мицковиќ (1935 – 2002), Цветан Грозданов (1936 –2018), Бошко Смаќоски (1938 – 1998), Танас Вражиновски (1941), Коста Аџиевски (1943), Марко Китевски (1950), Милан Бошкоски (1953 – 2023), Александар Атанасовски (1961), Славчо Ковилоски (1978) и многу други.

Во оваа прилика особено ќе ја потенцираме активноста и пишувањето за Крали Марко на нашиот вонсериски лингвист, меѓународно реномиран славист, прозаист, есеист, публицист, литературен историчар, полиглот, препејувач и што ли уште не, академик Блаже Конески (1921 – 1993).

Неговиот циклус ***„Марко Крале“*** е создаван во период од 20 години, почнувајќи од 1956 година, при што песните настанувале постепено ***„по стимули што доведуваа со иста спонтаност да настанат и другите текстови во тој циклус, со каква што настанаа и првите“***. Циклусот се состои од 5 одделни песни (***„Одземање на силата“***, ***„Стерна“***, ***„Кале“***, ***„Марковиот манастир“*** и ***„Песјо Брдце“***), инспирирани од посебни мотиви во народните легенди за Крали Марко, запишани од страна на Марко Цепенков, кои се дадени како епиграфи на почетокот на секоја од песните. Притоа, песните се напишани во форма на драмски монолози во кои Крали Марко ја има ***„улогата на драмската персона“***.


Блаже Конески

„Песјо Брдце“ - Блаже Конески

На Песјо Брдце кај Прилеп Марко водеше бој со денови. Мавни, чинеше, со сабјата, преполови го душманот, двете половини оживуваа и се правеа двајца. Виде Марко дека не бидува, поткова коња наопаку, кладе барабани да бијат на ветар, да не сетат дека никого нема во калето, и се загуби некаде во ноќта.

Народна легенда запишана од Марко Цепенков

И оваа битка требало да ја водам,
да ја бијам
со денови,
со крвави раце до рамена,
со крвави нозе до колена,
до премалување -
дури не се испитам сосем,
дури не дојдам до крајот,
дури не секнам како бунар што секнува во летен пек,
за да ја сетам последната желба:
Само некој да не ја види мојата смрт !


Излегувам рано на ова Песјо Брдце,
гневен на булуци го гонам ѓаволскиот кот,
замавнувам лево и удирам десно,
и мавам
и гмечам
и сечам
како што сечат честа гора кога прават пат.

Но навечер, кога се враќам постанат
пак се составува сè по мене
како што било,
божем сум орал гнасна вода,
и само се умножило злото
како бурјан по плевење.


И еве пак е ноќ
пак е ниедно доба.
Наслушувам:
приидува лошотијата
како матна вода што поклопува.
И ми се чини -
сè пропаѓа вземи
како никогаш да го немало,
како никогаш да не сум направил ништо.

Ковајте ми коња наопаку,
клајте барабани на ветар да бијат, -
нека ги страши уште мојот призрак,
да не ја видат мојата смрт!

Само некој да не ја види мојата смрт,
да бидам сам со неа
како со невеста
во ноќ на затруднување!


Блаже Ристовски


Томе Саздов


Цветан Грозданов



Танас Вражиновски



Марко Китевски



Александар Атанасовски


Бранко Панов


Слободан Мицковиќ


Бошко Смаќоски


Коста Ациевски


Милан Бошкоски


Славчо Ковиловски


БАЛКАНСКИТЕ И СВЕТСКИТЕ АВТОРИ ЗА „БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО“



Јован Рајиќ



Вук Караџиќ



Стефан Верковиќ




Панта Срећковиќ



Стојан Новаковиќ




Бранислав Нушиќ




Тихомир Остојиќ




Радое Домановиќ



Иво Андриќ




Ѓорѓе Спасе Радојчиќ




Вислав Гуриќ



Сима Чирковиќ



Гојко Суботиќ



Раде Михаљчиќ




Марко Алексиќ

Многу автори од балканските простори напишале дела за Марко или даваат одредени информации за оваа историска личност пишувајќи дела за тој период.


Ние, во оваа пригода, не навлегуваме во нивните ставови по однос на кралот Марко и секако не претендираме да ги забележиме сите оние кои се занимавале со овој лик, но ќе посочиме некои со кои „се сретнавме“ истражувајќи за Марко.

Меѓу нив се српските автори и стручни лица од разни области: Јован Рајиќ (1726 -1801), академик, историчар и писател, Вук Караџиќ (1787 - 1864), реформатор на српскиот јазил и азбука, Панта Срећковиќ (1834 - 1903), академик и историчар, Стојан Новаковиќ (1842 - 1915), академик, научник и дипломат, Бранислав Нушиќ (1864 - 1938), писател, комедиограф и дипломат, Тихомир Остојиќ (1865 - 1921), музиколог, книжевник, декан на Филозофскиот факултет во Скопје, Ѓуро Димовиќ (1872 - 1966), писател, Радое Домановиќ (1873 - 1908), писател и сатиричар, потоа, нобеловецот Иво Андриќ (1892 - 1975), писател и дипломат, Ѓорѓе Спасе Радојчиќ (1905 - 1970), историчар, Воислав Ѓуриќ (1925 - 1996), академик, историчар на уметност, Сима Чирковиќ (1929 - 2009), академик, историчар, Гојко Суботиќ (р.1931), академик, исоричар на уметност, Раде Михаљчиќ (1937 - 2020), академик, историчар, Марко Алексиќ (р.1970), археолог и други.

Значаен историчар за средновековниот период, а особено за византиската историја е византологот од руско потекло Георгиј Острогорски (1902 - 1976), кој се стекнал со светска слава работејќи во Белград, Југославија.



Петар Прерадовиќ



Георги Острогорски


И хрватски автори пишуваат за Марко, меѓу кои: Петар Прерадовиќ (1818 - 1872), поет и преведувач, Иван Томко Мрнавиќ (1579 - 1637), бискуп од Шибеник, го развил римокатоличкиот култ за Марко, барајќи врска за неговото презиме Мрнавиќ со презимето Мрњавчевиќ.

Хрватскиот историчар Вичко Солитро (цело име Виченцо Доменико Томасо, 1820 - 1878) во своето дело забележал дека во 1574 година во Сплит се пеело за Марко.

Ватрослав Јагиќ (1838 – 1923), истакнат хрватски славист и професор на Крсте Петков Мисирков, во своите студии пишува за балканскиот епски јунак Марко, како и Анте Бенешиќ (1864-1916).

Словенечкиот етнограф и литературен деец Карел Штрекељ (1859 – 1912), собирал песни за Марко кои се пееле во Словенија.

Вук Врчевиќ (1811 – 1882), црногорски собирач на народни песни, умотворби и соработник на Вук Караџиќ, во своите книги има песни за Марко.




Ватрослав Јагиќ



Карел Штрекељ



Анте Бенешиќ




Вук Врчевиќ

Бугарски автори кои се занимавале со оваа тема има многу. Ќе споменеме дел од нив: историчарот и преродбеник Паисиј Хилендарски (1722 – 1773), монахот Иеросхимонах Спиридон Габровски (1740 – 1824), поетот и академик Иван Вазов (1850 – 1921), Васил Златарски (1866 – 1935), историчар, археолог и епиграф, Јордан Иванов (1872 – 1947), историчарот Иван Дујчев (1907 – 1986), писателот Теодосиј Анастасов (1895 – 1983), писателот, новинар и преведувач Владимир Левчев, историчарката Елка Дроснева (1953 –2018) и уште многу други.


Според некои, најпознатиот романски поет, писател и новинар, Михај Еминеску (1850 – 1889) пишувал за кралот Марко.



Паисиј Хилендарски



Иеросхимонах С. Габровски




Иван Вазов



Васил Златарски



Јордан Иванов



Иван Дујчев



Теодосиј Тодоров Анастасов



Елка Дроснева



Владимир Левчев


Но, за Марко и средновековниот период пишувале или преведувале дела и други странски автори, надвор од балканските простори. Еве дел од нив: германскиот романописец, драматург и научник Јохан Волфганг Гете (1749 – 1832), германскиот филолог и научник Фридрих Ниче (1844 – 1900), словачкиот (чешкиот) филолог и етнограф Павел Јозеф Шафарик (1795 – 1861), чешкиот историчар Константин Јиречек (1854 – 1918), рускиот книжевен историчар Михаил Халански (1857 – 1910), италијанскиот писател Франческо Дал Онгаро (1808 – 1873) со делото печатено во 1863 година, Маргерит Јурсенар (1903 – 1987), француска писателка, есеист и драматург, прва жена академик во Француската академија, нејзиниот сонародник, францускиот Андре Мазон (1881 – 1967), меѓународно признат славист и фолклорист, потоа, полскиот лексикограф и писател Владислав Копалински (1907 – 2007), Хенри Берлејн (1922), делото на англискиот професор Дејвид Хелибартон Лоу (1878 – 1936) од 1922 е во издание на Универзитетот Кембрич, дело со илустрации на американскиот славист Кларенс Менинг (1893 – 1972) и Олива Муриел Фулер од 1932 година, потоа, рускиот академик Евгениј Павлович Наумов (1932 –1990), данскиот автор на јуначки песни Асмус Серенсен, холанѓанецот Махил Кил (1938 –2025), англискиот византолог Доналд Мек Гиливреј Никол (1923 – 2003) и други.




Михај Еминеску



Јохан Волфганг фон Гете



Павел Јозеф Шафарик



Фридрих Ниче



Константин Јиречек




Павле Аршинов



Михаил Халански



Карел Штрекељ



Франческо Дал Онгаро



Маргерит Јурсенар



Андре Мазон

Повеќе дела за Крали Марко се пропратени со илустрации, односно, сликовит приказ на делото. Интересен е податокот дека постои публикација на илустрирани песни за Крали Марко каде како илустратор се појавува Моша Пијаде (1890 – 1957), југословенски револуционер од Втората светска војна, народен херој и општествено-политички работник во повоениот период на Југославија.

Впечатлива е изреката на чешкиот фолклорист, музиколог и сликар Лудвик Куба (1863 – 1956) кој за Крали Марко ќе напише: ***„Овде можел спокојно да се роди човекот, чие име и херојски подвизи цели пет векови ги исполнуваат мислите и срцата на сите Јужни Словени“***.

Од претходното може да се заклучи дека предмет на интерес на големи светски „умови“ меѓу другото бил и „нашиот“ Марко.



Владислав Копалински



Кларенс Менинг



Олива Муриел Фулер



Евгениј Павловиќ Наумов



Моша Пијаде



Лудвик Куба

„БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО“
ПРИЛЕП-МАРКОВ ГРАД-ГРАДОТ ПОД МАРКОВИТЕ КУЛИ

Има градови кои се создадени да пркосат...
Нема насилници, нема поробувачи, нема незаситници
во пустошењата кои тргнале од запад спрема исток и од исток
спрема запад, преку Балканот, а кои не се обиделе да го запалат
Прилеп, да го срамнат до темели, како не би можел ни со
рушевините да сведочи за својот живот.
Од сите тие насилници и поробувачи останаа, се до денес,
само мртви споменици, а тој, Прилеп, стои и понатаму пркосно...





Маркови Кули

Тврдината Маркови Кули е симбол на Прилеп и тој не случајно е наречен „градот под Марковите Кули”. Со својот доминантен одбранбен систем, таа се вбројува меѓу петте најјаки неосвоиви тврдини на Балканот.

Тврдината „Маркови Кули” постоела многу векови пред да го добие своето име. Значењето на тврдината, односно локалитетот, се зголемува со самиот факт што директно се поврзува со повеќе цареви (кралеви) како: цар Самоил, цар Душан, крал Волкашин, и секако кралот Марко, по кого и го носи името и кој оставил неизбришливи траги во историјата, но и во делата од народното творештво.

Се смета дека тука, царот Самуил ги пречекал своите ослепени војници по битката на Беласица и дека тука починал на 6 октомври 1014 година.

Името го добила по кралот Марко, кој со Прилепското кралство владеел од 1371 до 1395 година и чија територија опфаќало поголем дел од Македонија.

Со неговата смрт, Прилеп целосно потпаѓа под турска власт.

Марковите Кули биле изградени на возвишенијата што доминираат над пределот и што кај месноста Варош се спуштаат стрмно во полето. Тие возвишенија се: Чардак, Тапанче, Крупник и Гребник.

Месноста е составена од многу испокршени и измазнети камени грамади со чудесни облици и бои. Таму, каде што природата не ги затворила пристапните места, човекот доградил високи ѕидови и масивни кули и на тој начин направил тешко освоива тврдина. На највисоката точка од месноста се издигал најутврдениот дел од Прилеп, горниот град, односно акрополата. Под тоа орловско седело, на градските тераси и на други површини биле изградени куќи, кули, цркви, работилници, пазариште, а со археолошките истражувања, откриени се и гробови, цистерни за вода, како и други објекти и постојки, но и движни наоди како: садови, монети, накит, оружје, орудија, алати и друго.


Маркови Кули


Одбрамбен бедем


Гробови во карпа


Гробови во карпа


Цистерна




„Маркови Кули“ во Археолошката поставка


Според едно предание, под Марковите Кули, во Варош некогаш постоеле 77 цркви. Денес, сочувани се шест цркви и тоа: Манастир со црквата „Св. Архангел Михаил”, „Св. Димитрија“, „Св. Никола“, „Пресвета Богородица Пречиста“, „Св. Атанасиј“ и „Св. Петар и Павле“. Секоја црква засебно, вклучително манастирскиот комплекс „Успение на Пресвета Богородица“ (Трескавец) и комплексот Варош, се прогласени за споменици на културата.

Покрај овие објекти кои се целосно сочувани, со археолошките истражувања во континуитет од над 50 години, откриени се остатоци од 15-тина помали цркви како: Св. Харалампие, Св. Јован, Св. Ѓорѓи и други кои како да ја потврдуваат легендата за многубројните цркви во Варош.

Покрај горенаведеното како и поради други културни вредности, локалитетот „Маркови Кули“ како тврдина и утврден средновековен град со четири одбранбени појаси е прогласен за споменик на културата уште во далечната 1953 година.


Црква Св. Архангел Михаил, Варош



Црква Св. Димитрија, Варош


Црква Св. Атанасиј, Варош, Прилеп


Црква Воведение на Пресвета Богородица, Варош, Прилеп


Црква Св. Петар и Павле,Варош


Црква Св. Никола, Варош


Манастир Трескавец



Маркови Кули-план со цркви


Манастир Трескавец со црква Успение на Пресвета Богородица

„БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО“ „ПАТРОН“ НА МАРКОВИ КУЛИ-СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА, ПРЕЗЕНТАЦИИ И МАНИФЕСТАЦИИ

Заради заштита на просторот на локалитетот „Маркови Кули“, како и поради неговите геоморфолошки особености и посебните вредности на гранодиорити кои припаѓаат на најдолниот дел од предкамбрискиот комплекс и имаат уникатна вредност од исклучително значење, во 2006 година е прогласен за споменик на природата со површина од околу 50 км^2.

Локалитетот „Маркови кули“ е од исклучително значење не само за Прилеп и Република, туку и за поширокиот регион, односно на меѓународен план ја промовира Македонија со своето културно и природно наследство.



Маркови Кули, гранодиорити



Маркови Кули, карпа Слон

Имено, како југословенската, така и македонската кинематографија го користела овој локалитет или објектите во него за кадри во повеќе играни филмови, како: ***„Мис Стон“*** (1958) на Жика Митровиќ, ***„Планината на гневот“*** и ***„Републиката во пламен“*** (1969) на Љубиша Георгиевски, ***„Јад“*** (1975) на Кирил Ценевски, ***„Пред дождот“*** и ***„Прашина“*** на Милчо Манчевски, ***„Збогум на 20-от век“*** на Дарко Митревски и Александар Поповски и други.

Меѓународна афирмација на локалитетот, воедно и на Македонија имаме и преку познатата научно-фантастична ТВ серија за патувањето низ времето ***„12-те мајмуни“*** (2015) на режисерот Дејвид Гросман. Тука се снимени и голем број документарни филмови, разни репортажи, музички и рекламни спотови и друг филмуван материјал.

Масивот Маркови Кули со своите карпи во форма на топки, купи, плочи, заоблени коцки и квадари, предизвикува волшебно-магични рефлекси, а истиот, збогатен со извонредните градби е инспирација за многу уметници, поети, писатели, историчари, музичари.

На тронот кај Слонот (карпа која така се нарекува) се одржува поетската манифестација ***„Поетско Маркукуле“***, каде своја афирмација бараат многу млади поети.

Позната е и манифестацијата ***„Денови на Крали Марко“***, што секоја година се одржува во Прилеп и на Марковите Кули.

Погодната конфигурација на овој локалитет овозможува етаблирање на меѓународната карта за екстремни спортови. Имено, овде се реализира т.н. ***Болдеринг фестивал „Крали Марко“***, односно, качување на карпи без јаже, како и планинско трчање на ***Меѓународниот ултрапланински маратон „Крали Марко треилс“*** на кој учествуваат натпреварувачи од целиот свет, а тука се одржува и ***Аматерски натпревар во мешани боречки вештини „Крали Марко“*** и други натпреварувања и манифестации.

Прилеп – Марковиот град, на својот грб има апликација на Марковите Кули.


















Културни манифестации и спортски натпреварувања на Маркови Кули

Во многу публикации, на многу разгледници, фотографии и друг пропаганден материјал за Прилеп, Марковите Кули „се присутни“ на амблеми, значки, приврзоци и логоа на организации, манифестации, спортски клубови, друштва и други субјекти.





















Маркови Кули и Прилеп - нераскинлива врска

„БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО“ „ПАТРОН“ НА ЛОКАЛИТЕТИ, ГРАДБИ И МЕСТА

„Нашиот“, „нивниот“, „балканскиот“, „европскиот“, „светскиот“ Марко, со својот Шарец „галопирајќи и скокајќи“ од планина на планина, оставал „траги“ насекаде. Голем дел од истите се обидовме да ги евидентираме и преку фотографија да ве „одведеме“ до нив.

Кај нас има голем број топоними кои го носат префиксот: Марков, Маркова, Марково.

И на балканските простори исто така има уште стотици топоними на места, населби, градби, манастири, пештери, видови, тронови, чардаци, нозе, стапала, копита, столови, стапови, седла, чешми, кладенци и многу други топоними именувани по „Марко“.

Дел од нив се:

- „Маркови Кули“, „Марков Чардак“, „Маркова Бразда“, „Градок – Маркови Кули“, „Маркова Кула“, „Маркова Коњушница“, „Марков Вид“, „Маркова Стапалка“ , „Маркови Круши“ (прилепско);
- феудалната крепост „Марково Кале“, тврдината „Маркови Кули“ или „Марково Крувче“, „Марков Стол“, „Маркова Рака“, тврдина „Марков Град“ (скопско),
- „Маркова Нога“ (Преспа);
- „Марково Кале“, „Марков Рид“, „Марков Ров“, „Маркова Лака“, „Маркова Матица“, „Маркова Река“, „Маркова Чешма“, „Марков Врв“, „Маркови Трла“, „Марков Кладенец“, „Марково Купито“, „Маркови Камене“ (струмичко);
- „Марково Кале“, „Маркова Кула“, „Маркоица“, „Марково Кале“ (битолско);
- „Марков Камен“, „Маркулија“, „Маркова Стапалка“, „Маркои Копита“ „Маркова Нива“ (кичевско);
- разни објекти и географски поими, како: „Маркова Црква“ (велешко), „Марков Гроб“, „Маркова Кула“ (кавадаречко), „Марков Вид“ (тетовско), „Маркова Стерна“, „Маркова Нива“ (кривопаланечко), „Маркова Стапалка“ (демирхисарско), Маркова Кула (делчевско), „Маркови Скали“ и други низ Македонија.



Марков Град, скопско



Маркова Река, скопско



Марково Крувче, скопско



Маркова Кула, Кавадарци



Маркова Стапалка, демирхисарско



Маркова Кула, делчевско



Пештера Пешна, Македонски Брод



Маркова Кула, битолско



Девини Кули, Македонски Брод



Маркова Нога, Долно Дупени, ресенско

Разни места и локалитети со исти или слични топоними има и во: Србија, Бугарија, Босна и Херцеговина и пошироко на Балканот.
Но, има места „крстени“ по блиските на Марко, особено, според неговите „сестри“, како: „Девини Кули“, „Пештера Пешна“, „Китин Камен“, „Китино Кале“, „Цветино Кале“, „Марагидих“, „Видин“, „Sвезда“ и други.


Марков Камен, Копаоник, Србија


Маркови Карпи, Копаоник, Србија


Марков Гроб, Калиманичи, Србија


Марково Кале, Врање, Србија


Крали Марко, Пазарџик ,Бугарија


Марков Камен, Долно Јаболково, Бугарија


Маркова Дупка, Бугарија


Тронот на Крали Марко, Бугарија



Марков Камен, Зеница, БиХ


Скален мост Крали Маркова дупка, Бугарија


Маркова Стапалка, демирхисарско


Планински врв Марагидих (Убавата Мара), Бугарија


Марков Камен (стеќак), Томислав град, БиХ


Камена Кула на Краљевиќ Марко, Вишеград, БиХ

„БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО“ ИНСПИРАЦИЈА ЗА УМЕТНИЦИТЕ

Кралот Марко е инспирација за многу македонски ликовни уметници, вајари, скулптори и други творци. Доловувајќи го неговиот лик, создале дела: академик Димитар Кондовски (1927 – 1993), сликар, илустратор, графичар, Круме Кепески (1909 – 1988), авторот на првата „Македонска граматика“, учебникар и собирач на народни умотворби, Драган Митровски, Боро Крстески, Војдан Запров, Александар Настески (1948 – 1923), Емил Солески (р. 1969), Синиша Новески (р. 1978) и други.

Од поранешните југословенски простори, уметнички дела за Крали Марко создале уметници од српско, хрватско или од друго потекло: Иван Мештровиќ (1983 – 1962), вајар и еден од најголемите светски уметници, Вилхелмина (Мина) Караџиќ Вукомановиќ (1828 –1994), ќерката на Вук Караџиќ, српска сликарка и писателка, Павле Паја Јовановиќ (1859 –1957) еден од најголемите преставници на реализмот, Георгије Ѓура Јакшиќ (1832 – 1878), српски поет, писател и сликар, Новак Радониќ (1826 – 1890), српски сликар на портрети и историски композиции, Владислав Тителбах (1847 – 1925) чешко-српски илустратор и етнолог, Мирко Рачки (1879 – 1982), српскиот сликар Емануел Маша Муановиќ (1880 – 1944), Петар Меселџија (р. 1965), српски уметник, илустратор, хрватскиот сликар, Антон Аугустинчиќ (1900 – 1979), хрватскиот (југословенскиот) мајстор на вајарство, учесник во НОВ и потпретседател на АВНОЈ и автор на многу споменици низ Југославија и во странство и други.

Од словенечките ликовни уметници ќе го издвоиме Јуриј Шубиц (1855 – 1890).

Свое дело за Марко направил и Фердо Кикерец (1845 – 1893), кој има унгарско- француско потекло и кој творел во Унгарија и Хрватска.

И за бугарските уметници Крали Марко е инспирација. Меѓу оние кои создале дела за него се: Георги Машев (1887 – 1946), Никола Кожухаров (1892 – 1971), Асен Попов (1895 – 1976), Иван Милев (1897 –1927), Веселин Стајков (1906 – 1970), Борис Коцев (1908 – 1959), Кеазим Исинов (1940 – 2023), Румјана Русинова (р. 1955) и многу други.

Битката на Ровине во Влашко, Романија, каде загинал кралот Марко, со литографија ја овековечил Димитрие Папазоглу (1811 – 1892), романски историчар, географ и картограф, а уметничко дело за истата битка изработил и романскиот уметник Паул Атанасиу (1922 – 1999), како и други уметници.

Според претходното, кралот Марко, како и настани од неговиот живот за уметниците од целиот свет, како мотив и непресушна инспирација, постојано е присутен низ изминатите векови, па сè до денес.



Димитар Кондовски, „Крал Марко“, 1967



Круме Кепески, „Крали Марко“, 1927



Драган Митровски, „Крали Марко“



Боро Крстевски, „Крали Марко“



Војдан Запров, Крал Марко на коњ, 2015



Синиша Новески, „Крал Марко“, 2005



Емил Солески „Крали Марко“



Иван Мештровиќ, „Краљевиќ Марко на коњ“, 1910



Вилхемина Караџиќ, „Крал Марко со топуз“, 1850



Паја Јовановиќ, „Кралевиќ Марко дели правда“, 1904




Паја Јовановиќ, „Принц Марко и вилата“, 1906




Ѓура Јакшиќ, Краљевиќ Марко, 1857



Новак Радониќ, „Смртта на Крал Марко“, 1848



Владислав Тителбах, „Крали Марко и Муса Кесецијa“,1900



Мирко Рачки, „Крали Марко и Муса Кесецијa“, 1910



Краљевиќ Марко, Илустрован лист, 1927



Емануел Маша Муановиќ, „Градот на Крали Марко“, 1913



Петар Меселџија, „Бранителот принц Марко и Шарец“



Антон Аугустинчиќ, „Крал Марко на коњ“,1935



Јурij Шубиќ, „Смртта на Крал Марко“



Георги Машев „Крали Марко и дете Голомеше“, 1932



Никола Кожухаров, илустрација



Иван Милев, „Крали Марко“, 1926



Асен Попов, „Крали Марко“



Румјана Русинова, „Крали Марко“, бронзена фигура



Велимир Каравелиќ, „Марко Краљевиќ“, Голубац, 2025



Кеазим Исинов „Марко Крале ослободува три синџири робје“



Димитрие Папазоглу, „Битката на Ровине“



Паул Атанасиу, „Битката на Ровине“

„БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО“ НИЗ ПОРИТЕ НА ОПШТЕСТВОТО

Марко оставил „траги“ и надвор од балканските простори.

„Портрет на Крал Марко од Прилеп“ од 1560 година од Аугсбург, како експонат, се наоѓа во Германскиот национален музеј во Нинберг, Германија.

Марко е на банкнота од 50 динари во Кралска Југославија од 1931 година, со скулптурата на Иван Мештровиќ.

Марко е „присутен“ и во областа на филателијата.

Како мотив го има на поштенски марки од Бугарија од 1961 и 1979 година, од СФРЈ од 1962, потоа, од Република Македонија од 1995 година, од Хрватска, поточно, Сремско-барањска област под управа на Обединетите нации, за време на војната во тогашна Југославија од 1997 година, од Република Српска, Босна и Херцеговина, во 2017 година.

Марко е „присутен“ и во разни области на општественото жевеење: музиката, филмот, драмската и стрип уметност и во многу други области.

По неговото име се именувани: училишта, разни организации, друштва и друго.

Општо кажано скоро и да нема област каде не е „присутен“ Марко.

Македонската музичка група „Трио Кучковки“ (Димовска, Ристевска, Стојковска) во придружба на македонскиот виртуоз на гајда Пеце Атанасовски, во 1972 година, снимаат три песни на грамофонска плоча со наслов ***„Песни за Крале Марко“***.

Васка Илиева (1923 – 2001), доајенот на македонската народна музика, ја снима песната ***„Ej Крали Марко има две радости“***.

Во 2006 година бугарската музичка група „Иван Милев бенд“ го издава албумот ***„Летот на Крали Марко“***.

Интересен е податокот дека и фронтменот на хрватската музичка група „Азра“, рок пејачот Бранимир Цони Штулиќ, во 2012 година, го истражувал ликот на Крали Марко, а во инструментална форма ја компонирал песната ***„Краљевића Марка“***.

Крали Марко како мотив е присутен и во гусларските народни песни.

Вук Караџиќ забележал повеќе народни песни од гусларот Тешан Подруговиќ (1783 – 1815), роден во Стара Херцеговина, како и од слепата гусларка Живана Антонијевиќ (1770 – 1828) од Срем. Повеќемина гуслари од поранешните југословенски простори пеат, компонираат и снимаат песни за балканскиот јунак Марко.

Македонскиот гуслар Кузман Стојковски има снимено ***„Песна за Крале Марко“*** во 1972 година за музичката продукција „Југотон“.



Врата од соба со „Портрет на Крал Марко од Прилеп“, 1560, Аугсбург



„Крал Марко“, банкнота од Кралство Југославија, 1931



„Крали Марко“, поштенска марка, 1961, Бугарија



„Крали Марко“, Бугарија, 1979



„Крал Марко“, поштенска марка, Југославија, 1962



„Крал Марко“, поштенска марка, Р. Македонија, 1995



„Марко оре друмове“, поштенска марка, 1997



„Марко Краљевиќ и Муса Кесеција“, поштенска марка, Р. Српска, БиХ, 2017



„Песни за Крале Марко“, Трио Кучковки



Васка Илиева



„Летот на Крали Марко“, Иван Милев бенд



Цони Штулиќ - компонира за „Крали Марко“

Крали Марко е омилен лик и мотив за авторите на деветтата уметност – стрипот. Во повоениот период, писателот Славко Јаневски (1920 – 2000) е првиот Македонец кој напишал текст за првиот стрип за овој јунак. Тоа е стрипот ***„Крале Марко и орелот“***, објавен во списанието „Стрип књига“ во Србија. Пред Славко Јаневски, стрипови за Крали Марко, објавиле српските автори од руско потекло, Константин Кузњецов (1895 – 1980) и Иван Шеншин (1897 – 1944).

Стрипот за Марко е присутен и во Бугарија. Текстот на Георги Стојчев и цртежот на Григор Бојациев го прават стрипот ***„Марко Кралевити“*** од 1966 година.

Во театарската уметност Марко е присутен на балканските простори, но и пошироко. Во изминатиот период реализирани се повеќе театарски претстави. Дел од нив се: ***„Марко Крале“, „Аз, Марко“*** во прилепскиот театар „Војдан Чернодрински“, ***„Крале Марко“***, на Театарот за деца и младинци – Скопје, претстава ***„Краљевиќ Марко и Муса Кесецијa“*** во Градскиот театар во Алексинац, Србија, ***„Краљевиќ Марко по втор пат меѓу Србите“*** во Шабачки театар, Србија, ***„Краљевиќ Марко“*** во Театарот за деца од Крагуевац, Србија, ***„Крали Марко - последната балканска легенда“*** на Драмскиот театар од Русе, Бугарија, ***„Крали Марко“*** на Кукленият театар од Берлин, Германија и други.

Во театарската уметност востановена е и наградата за актерско остварување ***„Марко Крале“***.

Крали Марко е присутен во кинематографијата на балкански простори. Тој е главен лик во повеќе играни, документарни и анимирани филмови.

На Споменикот „Порта Македонија“ во Скопје прикажани се многубројни настани и ликови од македонската историја. Во форма на релјеф од прилепски мермер, во длабока резба, прикажан е и ***„Крали Марко“***.

Во неговиот Прилеп, во периодот меѓу двете светски војни постоело пејачко друштво и основно училиште ***„Краљевиќ Марко“***.

Од претходното може да се заклучи дека Марко е „присутен“ во многу пори на општественото живеење не само во Македонија и на Балканот, туку и многу пошироко.

Веројатно, нема таков „јунак“ којшто го воспева целиот свет.



„Аз Марко“, каталог, театарска претстава, Прилеп, 1999



„Крале Марко“, Театар за деца и младинци, Скопје



„Краљевиќ Марко и Муса Кесецијa“, Градски театар Алексинац



„Крали Марко - последната балканска легенда“, театарска претстава, Русе, Бугарија, 2023



Германска претстава, 1973

„Марко“ скоро да нема област каде не е „присутен“, а неговите „траги“, покрај на Балканот, присутни се во Европа, во светот.

Него сите го воспеваат, тој е непресушен извор за истражување.

Затоа не завршуваме тука.

Продолжуваме да „трагаме“ по Марко, кој со сета своја сила и јунаштво, итрина и хуманост, одиграл значајна улога во минатото, но сега со целиот свој „авторитет и капацитет“ ќе го ставиме во функција на иднината на општеството.

Се наметнува размислувањето дека потребно е да се изгради музеј во кој ќе биде прикажано „богатството“ на балканскиот јунак Марко. Музеј кој ќе стане „центар на светот“, заеднички културен и едукативен центар, дом, место, каде што ќе дознаваме нови нешта, а со „помош“ на Марко, ќе водиме дијалози, разговори, ќе разменуваме мислења, за минатото, за традицијата и нејзиното сфаќање од новите генерации во новиот глобален свет. Тука, ќе разговараме за заедништво, социјални прашања и судири, а ќе разгледуваме и идеи за решавање на истите.

Така, музејот ќе стане „центар на светот“, средиштето на општеството, што ќе воспостави дијалог помеѓу различните култури, градејќи мостови на пријателство за дефинирање на светлата иднина.

Во него креативното ќе го поврземе со знаењето, а посетителите ќе можат да бидат креатори на музејската политика во поглед на активности, реализација на проекти и идеи.

Преку ликот и улогата на Крали Марко, ќе ја зајакнеме и улогата на музејот кој ќе стане интерактивен и фокусиран на општествената заедница, на нејзината традиција, денес и во иднина. Всушност тоа се европски вредности, кон кои се стремиме.

Се надевам дека еден ден овај наш музеј ќе биде изграден.

Дотогаш да „трагаме по Марко“, да собираме и евидентираме „музејски експонати“ од целиот свет за ***Првиот музеј на заедништво и дијалог „БАЛКАНСКИОТ ЈУНАК МАРКО“***.



Никола Митровиќ, стрип, 1966



Петар Радичевиќ, стрип, 1966



„Марко Кралевити“, стрип, Бугарија



Лого на соколската жупа Краљевиќ Марко, Скопје



Кутија за бурмут, Германија





„Марко Краљевиќ“, кибрит, Травник, БиХ


„Крал Марко“, релјеф, Порта Македонија, Скопје


Училиште „Краљевиќ Марко“, Прилеп, изградено 1928


„Крали Марко“, „Сцената на приказните“, Бургас, Бугарија


Брод „Крал Марко“, Унгарија



CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

929.731Марко(497.785)(083.824)
929Крали Марко:398(=163.3)(083.824)
929Крали Марко:398(497)(083.824)
929Крали Марко:7/8(497)(083.824)

БЕЛЧЕСКИ, Рубинчо
Балканскиот јунак Марко / [автор Рубинчо Белчески]. - Прилеп : НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2025. - 36 стр. : илустр. ; 30 см

ISBN 978-608-4511-20-5

а) Крали Марко, 1335-1395 -- Прилепско Кралство -- Каталози б) Крали Марко, 1335-1395 -- Народно творештво и уметност -- Каталози

COBISS.MK-ID 67760389

